NLB Banka

Врз основа на членовите 40 и 41 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, а согласно со Одлуката на Надзорниот одбор од 31.03.2023 година за свикување на Годишно собрание на акционери и Одлуката на Надзорниот одбор од 20.04.2023 година за измена и дополнување на одлуката за свикување на Годишно собрание на акционери

## НЛБ Банка АД Скопје

ВЕ ПОКАНУВА да учествувате на Годишното собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје.

Годишното собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје ќе се одржи на ден 31.05.2023 година (среда), со почеток во 13:00 часот, во просториите на НЛБ Банка АД Скопје, на ул. „Мајка Тереза“ бр. 1, Скопје, со следниот:

## Дневен ред

1. **Избор** на претседавач на Собранието;

2. **Избор** на записничар и бројач на гласови на Собранието;

3. **Годишен извештај** за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година, со:
    - **Мислење на Надзорниот одбор** по Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година;
    - **Предлог - одлука** за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година;

4. **Извештај** на Друштвото за ревизија „Ернст и Јанг овластени ревизори“ ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2022 година со:
    - **Извештај за контрола и Мислење на Надзорниот одбор** по Извештајот на Друштвото за ревизија „Ернст и Јанг овластени ревизори“ ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2022 година;
    - **Предлог - одлука** за усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија „Ернст и Јанг овластени ревизори“ ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2022 година;

5. **Извештај** на Друштвото за ревизија „Ернст и Јанг овластени ревизори“ ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2022 година со:
    - **Извештај за контрола и Мислење на Надзорниот одбор** по Извештајот на Друштвото за ревизија „Ернст и Јанг овластени ревизори“ ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2022 година;
    - **Предлог - одлука** за разгледување и прифаќање на Извештајот на Друштвото за ревизија „Ернст и Јанг овластени ревизори“ ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2022 година;

6. **Годишен извештај за работењето на** Надзорниот одбор во 2022 година со вклучени резултати од поединечна и колективна **Оцена** на работата на членовите на Надзорниот одбор за 2022 година**;**
    - **Предлог - одлука** за одобрување на Извештајот за работа на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година;

7. **Предлог - одлуки** за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор;

8. **Годишен извештај за работењето на** Управниот одбор во 2022 година со:
    - **Предлог - одлука** за одобрување на Извештајот за работа на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година;

9. **Предлог - одлуки** за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор;

10. **Предлог - одлука** за усвојување на Годишна сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година;

11. **Предлог - одлука** за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка и финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година и на акумулираната добивка од 2021 година;

12. **Предлог - одлука** за определување на износот на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година;

13. **Предлог - одлука** за назначување на друштво за вршење ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2023 година;

14. **Предлог - одлука** за одобрување на Политика за наградување на НЛБ Банка АД Скопје;

15. **Предлог - одлука** за измена и дополнување на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје.

Се повикуваат акционерите да учествуваат во работата на Собранието.

Секој акционер што има намера да учествува на Годишното собрание на Банката е должен да го пријави своето учество на Годишното собрание (пријава за учество на Собрание) најдоцна пред почетокот на седницата на Годишното собрание до Секторот за правни работи и секретаријат на НЛБ Банка АД Скопје (контакт-телефон: 02/5100-326 и 02/5100-906) или на електронската адреса: kabinetuprava@nlb.mk.

Во Деловникот за работа на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје е опишана постапката според која акционерите учествуваат и гласаат на седницата на Собранието и тој деловник е достапен на официјалната интернет-страница на Банката www.nlb.mk.

Секој акционер може да овласти свој полномошник на Годишното собрание со потпишување писмено полномошно. Постапката за гласање преку полномошник, како и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет-страница на Банката www.nlb.mk. За секое полномошно дадено во писмена форма, потребно е акционерот веднаш писмено да ја извести Банката, на адреса на седиштето на НЛБ Банка АД Скопје: ул. „Мајка Тереза“ бр. 1, 1000 Скопје или на електронската адреса kabinetuprava@nlb.mk, во спротивно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Во случај на давање полномошно од страна на повеќе акционери на едно лице, полномошникот е должен во рок од 5 работни дена пред одржувањето на Годишното собрание да достави известување до Комисијата за хартии од вредност за намерата и причините за давањето на полномошното, бројот на акции за кои се дадени полномошната, како и дали тие се со инструкции или без инструкции за гласање.

Полномошникот го поднесува известувањето до Комисијата во писмена форма исклучиво на пропишан образец утврден во Правилникот за критериуми за утврдување на заедничко дејствување согласно со Законот за преземање на акционерските друштва.

Годишното собрание на акционери ќе одлучува само по прашања што се уредно ставени на дневен ред, во согласност со Статутот на Банката и со Законот за трговските друштва.

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5 % од вкупниот број акции со право на глас можат, односно имаат право да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување на нови точки и да предложат за усвојување одлуки кон секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на Годишното собрание на акционери. Кон барањето за вклучување на нови точки на дневниот ред акционерите истовремено треба да приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка.

Последен рок до кој може да се предлагаат нови точки на дневен ред, односно да се предлагаат одлуки и поставуваат прашања е 08.05.2023 година (понеделник).

Деталните инструкции за начинот на предлагање нови точки и одлуки на Годишното собрание се достапни на официјалната интернет-страница на Банката www.nlb.mk.

На својата интернет-страница www.nlb.mk, не подоцна од 21 ден пред денот на одржување на седницата на Годишното собрание, НЛБ Банка АД Скопје ќе ги објави и ќе бидат достапни следниве материјали и информации:

содржината на јавниот повик, односно поканата за свикување седница на Годишното собрание на акционери; вкупниот број акции и вкупниот број гласачки права што произлегуваат од акциите со право на глас на денот на објавата на јавниот повик, односно на денот на испраќање на поканата, вклучително и вкупен број акции од секој род и класа; документите и материјалите што ќе се разгледуваат на седницата на Годишното собрание на акционери; предложените одлуки од акционерите што Банката веднаш откако ќе ги прими ги објавува и обрасците за гласање преку полномошник подготвени за преземање електронски од страна на акционерите (овој образец се однесува на давање полномошно од еден акционер на едно лице. Во случај на давање полномошно од страна на повеќе акционери на едно лице, се користи образецот утврден во Правилникот за критериуми за утврдување заедничко дејствување согласно со Законот за преземање на акционерските друштва), Информација за начинот на предлагање точки на дневен ред, поставување прашања и предлагање одлуки од страна на акционерите.

Материјалите од дневниот ред и дополнителни информации согласно со Законот за трговските друштва се достапни на увид на акционерите, секој работен ден од денот на објавата на јавниот повик за свикување на Годишното собрание на акционери, од 10:00 до 13:00 часот, во просториите на НЛБ Банка АД Скопје, на ул. „Мајка Тереза“, бр. 1, 1000 Скопје, Р Македонија, во Секторот за правни работи и секретаријат на НЛБ Банка АД Скопје.

Во Скопје,

НЛБ Банка АД Скопје